**З А П И С Н И К**

**од 2-рата вонредна седница на Советот на Општина Валандово**

**одржана на 04.12.2025 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 9.30 часот.Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова.

На седницата присутни беа 13 членови на Советот на Општината и претставници од општинската администрација.

Отсутни беа Надица Недиќ и Ерсан Фетиков

Седницата се снимаше од Општина Валандово и Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

Претседателот на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова образложи дека поради потребата од итно носење на Предлог – Одлука за измена на одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2025 година седницата беше закажана итна седница и оправданоста за тоа беше ставена на гласање.

Со 13 гласа ЗА беше изгласана.

За работа на 2-рата вонредна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог – Одлука за измена на одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2025 година;
2. Предлог – Одлука за прифаќање на донација на техничка документација и ревидентски извештај за основен проект „Реконструкција на улици во с.Брајковци улица - 1, улица - 2, улица - 3 КО Брајковци, Општина Валандово” од Друштво за градежништво, трговија, услуги и производство ЏОВИ КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ с.Мокрино, Ново Село;
3. Предлог – Одлука за прифаќање на донација на техничка документација и ревидентски извештај за основен проект „Реконструкција на улици во с.Марвинци улица - 1, улица - 4, улица - 5 КО Марвинци Општина Валандово” од Друштво за градежништво, трговија, услуги и производство ЏОВИ КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ с.Мокрино, Ново Село;
4. Предлог – Одлука за прифаќање на донација на техничка документација и ревидентски извештај за основен проект „Реконструкција на улици во с.Марвинци улица -

3, улица - 2А, улица -2В КО Марвинци Општина Валандово" од Друштво за градежништво, трговија, услуги и производство ЏОВИ КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ с.Мокрино, Ново Село,

5. Предлог – Одлука за прифаќање на донација на основен проект и ревизија на основен проект „Реконструкција на постојни улици во село Раброво, Општина Валандово" од Друштво за градежништво и трговија ЖИКОЛ ДООЕЛ експорт импорт Струмица;

6. Предлог – Одлука за прифаќање на донација на основен проект и ревизија на основен проект „Реконструкција на улици во село Собри, Општина Валандово" од Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн Атриум Студио.

7. По Предлог – Одлука за прифаќање на донација на основен проект и ревизија на основен проект „Реконструкција на улици во село Пирава, улица 1 и улица 2 , Општина Валандово" од Друштво за проектирање и инженеринг МГ Проект ДООЕЛ Струмица

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Никој друг не се јави со предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред, па истиот беше ставен на гласање и едногласносо 13 гласа ЗА беше усвоен.

ТОЧКА 1

По Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2025 година образложение даде Раководителот на Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова. Рече дека измената на Предлог одлуката за измена на распоредот на средствата треба да се направи поради насоките од Министерството за финансии за измени во контата за плаќање.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА .

ТОЧКА 2

По Предлог – Одлука за прифаќање на донација на техничка документација и ревидентски извештај за основен проект „Реконструкција на улици во с.Брајковци улица - 1, улица - 2, улица - 3 КО Брајковци, Општина Валандово" од Друштво за градежништво, трговија, услуги и производство ЏОВИ КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ с.Мокрино, Ново Село образложение даде градоначалникот на Општина Валандово Ѓоко Камчев. Рече дека сите овие Предлог- одлуки за прифаќање на донации од техничка документација се носат на Совет поради тоа што Општината нема распишано повик за изработка на техничка документација и не може да учествува на повици за аплицирање,. За таа цел побарано е да се направи изработката на проекти од пријатели и деловни партнери, за да може да се оди со асфалтирање на улици во Општината. Рече дека сега се направени проекти за асфалтирање за околу 40 000 000 денари кои ќе се работат во наредната година, со можност за уште 10 000 000 денари. Рече дека целиот Буџет на Општината во наредната година ќе биде насочен кон изготвување на проекти и плаќање на тековни и доспеани обврски,а со истите ќе се аплицира за добивање на вистински места.

Вработениот раководител на Одделението за урбанизам Ѓоко Аврамски даде појаснување за тоа кои населени места и улици се опфатени со одлуките. Рече дека оваа одлука се однесува за Проект за населеното место во Брајковци за улица 1 и 2.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА

ТОЧКА 3

По Предлог – Одлука за прифаќање на донација на техничка документација и ревидентски извештај за основен проект „Реконструкција на улици во с.Марвинци улица - 1, улица - 4, улица - 5 КО Марвинци Општина Валандово" од Друштво за градежништво, трговија, услуги и производство ЏОВИ КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ с.Мокрино, Ново Село;

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со13 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Предлог – Одлука за прифаќање на донација на техничка документација и ревидентски извештај за основен проект „Реконструкција на улици во с.Марвинци улица - 3, улица - 2А, улица -2В КО Марвинци Општина Валандово" од Друштво за градежништво, трговија, услуги и производство ЏОВИ КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ с.Мокрино, Ново Село, беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со13 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Предлог – Одлука за прифаќање на донација на основен проект и ревизија на основен проект „Реконструкција на постојни улици во село Раброво, Општина Валандово" од Друштво за градежништво и трговија ЖИКОЛ ДООЕЛ експорт импорт Струмица беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со13 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Предлог – Одлука за прифаќање на донација на основен проект и ревизија на основен проект „Реконструкција на улици во село Собри, Општина Валандово" од Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн Атриум Студио Струмица беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со13 гласа ЗА.

ТОЧКА 7

По Предлог – Одлука за прифаќање на донација на основен проект и ревизија на основен проект „Реконструкција на улици во село Пирава, улица 1 и улица 2 , Општина

Валандово” од Друштво за проектирање и инженеринг  МГ Проект ДООЕЛ Струмица
беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со13 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше затворена.

Записничар — Совет на ОпштинаВаландово

С.Х.Јовановиќ — Претседател

Марија Чурлинова